Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Влада на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 139/14, 196/15 и 142/16), а во согласност со Одлуката за формирање на Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Македонија бр. 44-3759/1 од 17.4.2018, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 69/2018, на ден 19.4.2018 година, Владата на Република Македонија го објавува следниот

## ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ - 2/2018
**за номинација на член во Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Македонија**

Владата на Република Македонија, заради спроведување на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Македонија и потребата од формирање на Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Македонија, објавува оглас за следнава позиција:

1. Член во Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Македонија - 1 член

Лицата кои сакаат да аплицираат за оваа позиција, треба да ги исполнуваат следните критериуми:
- Да бидат дел од тимот на организација која ги застапува интересите на лицата со попреченост;
- Организацијата да е регистрирана во регистерот на граѓански здруженија од областа на социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика;
- Организацијата да има минимум пет (5) години искуство во спроведување проекти за подобрување на условите за живот на лицата со попреченост и нивна целосна инклузија во општеството;
- Организацијата да претставува поголема група на лица со попреченост;
- Организацијата да има реализирано проекти на национално и локално ниво;
- Организацијата да има искуство за застапување и лобирање за унапредување на правата на лицата со попреченост, согласно Конвенцијата на ООН;
- Искуство во работни тела на темата, ќе се смета за предност;
- Членување на организацијата во мрежи и меѓународни организации, ќе се смета за предност.

Со пријавата заинтересираните кандидати задолжително треба да ја достават следната документација:
- Кратка биографија – CV со задолжително наведен телефон за контакт и адреса;
- Писмо за мотивација за учество на здружението во Координативното тело;
- Доказ за упис во регистрите при Централниот регистар на Република Македонија;
- Доказ дека здружението е регистрирано во Регистарот на граѓански здруженија од областа на социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика;
- Статут на организацијата;
- Извештаи од реализирани поголеми национални и локални проекти, со акцент на застапување и лобирање за унапредување на правата на лицата со попреченост;
- Извештаи/докази за членување во мрежи и меѓународни организации.

Потребната документација да се достави до архивата на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија или по пошта на следнава адреса: Канцеларија на претседателот на Владата на Република Македонија, бул. „Илинден“ бр. 2, 1000 Скопје, (со назнака **„за членство во Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Македонија“**)

Рокот за доставување на потребната документација е пет (5) работни дена сметано од денот на објавување на огласот во дневниот печат, односно **заклучно со 30.4.2018 година до 16:30 часот.** Ненавремената и некомплетната пријава и документација нема да биде разгледувана.